Child Protection and Safeguarding Policy

Институт за комуникациски студии

1. Purpose and Commitment

Оваа политика има за цел да го дефинира и осигура пристапот на Институтот за комуникациски студии кон заштита на децата во секој аспект од својата работа. Нашата мисија е секое дете со кое доаѓаме во контакт да биде безбедно, почитувано, слушнато и заштитено од каков било облик на злоупотреба, занемарување, експлоатација или насилство.

Како организација што работи со и за деца, го прифаќаме принципот дека заштитата на децата не е само етичка обврска, туку и правна и професионална. Политиката е изработена во согласност со националната регулатива (Законот за заштита на децата, Кривичен законик, Законот за семејство, Законот за основно и средно образование, Законот за заштита од дискриминација, Законот за заштита на лични податоци) и меѓународните стандарди како KCS Standards и Конвенцијата за правата на детето на ООН. Истата ги вклучува и се однесува на сите наши вработени, волонтери, надворешни соработници, донатори, проектни партнери и други актери кои на кој било начин учествуваат во нашите активности.

Посветени сме на:

- Создавање безбедна и инклузивна средина за секое дете.
- Нулта толеранција кон злоупотреба и насилство врз деца.
- Активно идентификување, спречување и справување со ризиците за заштита на децата.
- Обезбедување на отчетност и транспарентност во нашите практики и интервенции.
- Осигурување дека децата имаат пристап до информации и механизми за заштита, поддршка и жалби.

Политиката ги рефлектира и вредностите на Институтот: интегритет, одговорност, еднаквост, правичност и грижа за благосостојбата на децата. Со оваа политика се поставува основата за целосна интеграција на child safeguarding принципите во сите програми, проекти, процедури и комуникации на организацијата.

2. Definitions (Дефиниции и основни поими)

- **Child (Дете)** – Лице на возраст под 18 години, согласно Конвенцијата за правата на детето на ООН.
- **Child Safeguarding (Заштита на деца)** – Систем на политики, процедури и практики со цел превенција и одговор на злоупотреба, експлоатација и занемарување на деца.

- **Abuse (Злоупотреба на деца)** – Вклучува:
  - *Физичка злоупотреба (удар, тепање, намерно нанесување на повреди);*
  - *Емоционална злоупотреба (потценување, навреда, застрашување);*
  - *Сексуална злоупотреба (сексуален контакт или изложување на содржини);*
  - *Занемарување (несоодветна грижа, игнорирање на основни потреби)*
- **Експлоатација** – Злоупотреба на позиција или моќ со цел добивање на лична или финансиска корист преку дете.
- **Confidentiality (Доверливост)** – Чување на информации за деца на безбеден начин, достапен само за овластени лица, освен кога се заканува непосредна опасност (кога постои ризик по безбедноста на детето).
- **Data Protection (Обработка на лични податоци)** – Прибирање, складирање, користење на податоци што се однесуваат на идентификување на дете, усогласена со важечката регулатива.

3. Safe Recruitment (Безбедно вработување и проверка)

Институтот применува строги мерки при вработување и вклучување на лица во активности поврзани со деца, со цел елиминирање на можни ризици:

- **Јасни обврски** – Во секоја објава за работа или соработка, се нагласува дека Институтот има политика за заштита на деца и кандидатот ќе биде проверуван во таа насока.
- **Потпишување на изјава** – Секој вработен потпишува изјава за разбирање и прифаќање на оваа политика.
- **Казнена евиденција** – Пред вработување или волонтерски ангажман, задолжителна е проверка од надлежен орган за претходни кривични дела.
- **Забрана за вклучување на малолетни лица како вработени** – Не се ангажираат лица под 18 години за работни задачи во рамки на програмите.

4. Training and Capacity Building (Обука и градење капацитети)

За да се обезбеди усогласеност и ефикасна примена на политиката, Институтот инвестира во континуирана едукација:

- Обуката за заштита на деца е задолжителна за сите вработени;
- Обуката опфаќа препознавање на ризици, процедура за пријавување и однесување што го спречува насилството.
- Прилагодени програми – Обуките се адаптирани според улогата на учесникот (административен персонал, едукатори итн.)
- Оценка на разбирање – По завршување на обуката, се применува краток тест или самоевалуација.

5. Code of Conduct (Превенција и намалување на ризици)

Институтот презема проактивни мерки за да го минимизира ризикот од злоупотреба и да ја гарантира безбедноста на децата со кои стапува во контакт. Превенцијата вклучува:

- **Проценка на ризикот пред секоја активност со деца**
  Пред планирање или имплементација на активности (работилници, обуки, анкети), задолжително се изработува проценка на ризикот која идентификува потенцијални точки на ранливост.
- **Присуство на двајца возрасни**
  Никогаш не е дозволено еден возрасен да остане сам со дете во затворен простор. Секогаш мора да има најмалку две возрасни лица присутни.
- **Ограничен и надгледуван пристап до чувствителни информации**
  При собирање или чување на лични податоци од малолетни деца (фотографии, адреси, одговори на анкети и сл.), пристап имаат само овластени лица. Информациите се користат исклучиво за цели предвидени во согласност од родител/старател.
- **Информирана согласност**
  Пред учество н дете во проектна активност, задолжително се обезбедува писмена согласност од родител или старател, со јасно наведени цели, обем и вид на активноста.

6. Reporting and Response (Пријавување на сомнежи и инциденти)

Институтот поставува јасна, доверлива и функционална постапка за пријавување на било каков сомнеж, поплака или реален инцидент поврзан со злоупотреба на дете:

- **Механизам за пријавување**
  Секој вработен, волонтер, партнер или дете може да пријави сомневање за злоупотреба кај назначеното лице за заштита на деца или кај овластеното лице на Институтот.
- **Поддржувачка средина за пријавување**
  Сите пријави се обработуваат со највисока дискреција. Институтот обезбедува дека никој нема да биде казнет или изложен на одмазда поради пријавување со добра намера. (whistleblower protection)
- **Обврска за дејствување**
  Институтот има обврска да реагира веднаш по секоја пријава – било да е тоа реален инцидент или само сомнеж. Се води прво интерна постапка, а ако е потребно, случајот се пријавува до надлежни институции (МВР/полиција, ЦСР)
- **Дневник на инциденти**

Се води евиденција на сите пријави и мерки што се преземани, со цел евалуација и подобрување на заштитните практики.

7. Monitoring and Accountability (Одговорност и надзор)

- **Назначено лице за заштита на деца**
  Овластеното лице на Институтот е одговорно за примање на пријави, водење на истраги и едукација.
- **Одговорност на секој вработен**
  Секој вработен, без разлика на позицијата, сноси лична и професионална одговорност за своето однесување, како и за пријавување на можни прекршувања.

8. Transparency and Accessibility (Следење, евалуација и ревизија на политиката)

- **Годишен преглед на политиката**
  Политиката се прегледува најмалку еднаш годишно, или порано доколку има правни измени, инциденти или препораки.
- **Консултација со засегнати страни**
  При ревизија се земаат предвид повратни информации од деца (каде што е соодветно), родители, вработени и надворешни соработници.
- **Ажурирање**
  Политиката ќе е јавно достапна на веб-страницата на ИКС за да биде споделена со сите засегнати страни.
- **Архивирање на стара верзија**
  Претходната верзија на политиката се чувај најмалку три години за потреби на евалуација и транспарентност.

Скопје, 29.01.2025 година **Институт за комуникациски студии**

